Врз основа на член 37-е и 37-и од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ бр. 38/96 и 64/18), член 20 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 62/05 и 120/2018), и Правилник за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги арх.бр.02-765/6 од 21.12.2020 г., Правилник за систематизација 04-1592/1 од 08.08.2023 г., Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈП Лајка- Скопје со арх.бр. 03-1599/1 од 09.06.2025 г., Годишен план за вработување со арх.бр. 04-287/5 од 10.03.2025 г. и Изменување и дополнување на годишен план за вработување 04-1735/1 од 24.06.2025 г., в.д. директорот на ЈП „Лајка„ Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 03/2025**
**за вработување на неопределено време на**
**даватели на услуги во ЈП „Лајка" Скопје на работно место**

**1. Ветеринарен техничар, шифра КДР0305Б04200, Одделение за медицински третман на бездомни животни, Сектор благосостојба на бездомни животни (2) извршители**

**Посебни услови**
- Средно стручно образование/ветерина;
- со или без работно искуство во струка.

**Распоред на работно време**
* Работни денови: 5 дена во неделата
- Работно време: 08:00- 16:00 часот
- Работни часови неделно: 40 часа

**Паричен нето износ на плата:** 34.339,00 денари

Кандидатите доставуваат пријава која може да се преземе од веб страната на ЈП „Лајка" Скопје.
Документите кои треба да се приложат заедно со пријавата се:
- Уверение за државјанство;
- Копија од Лична карта или Извод од матична книга на родени;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за вршење на професија, дејност или должност;
- Диплома за завршено образование;
- Потврда за работно искуство доколку се бара;
- Потврда за општа здравствена способност;
- Дополнителен документ за потврда за исполнување на другиот посебен услов.

Пријавените документи кон пријавата во оригинал или копија заверена на нотар.

Scanned with CamScanner

Пријавата може да се преземе од веб страницата на ЈП „Лајка“ Скопје.

Постапката за селекција за вработување на помошно-технички персонал во јавно претпријатие се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и проверка на приложените докази, а постапката за селекција на вработување на давател на услуга е согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување и селекција за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги арх.бр. 02-765/6 од 21.12.2020 година, Правилник за систематизација 04-1592/1 од 08.08.2023 година, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈП Лајка- Скопје со арх.бр. 03-1599/1 од 09.06.2025 г., Годишниот план за вработување со арх.бр. 04-287/5 од 10.03.2025 г. и Изменување и дополнување на годишниот план за вработување 04-1735/1 од 24.06.2025 г. на ЈП „Лајка“ Скопје.

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава со проложени потребни документи во седиштето на ЈП „Лајка“ Скопје (Архива) или по пошта на ул. „Никола Стефановски“ бр. 2 1000 Скопје во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневен печат.

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место, изборот на кандидати за едно работно место изборот на кандидати се врши во рок од 60 дена, од 201 до 500 кандидати 90 дена, над 500 кандидати од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Контакт тел: 02/2565-859, e-mail: info@lajka.com.mk.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.

Задоцнетите и некомплетни пријави нема да бидат земени во предвид.

**ЈП ЛАЈКА**

**в.д. директор**

**Радмила Пешева**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ СКОПЈЕ ЛАЈКА LAJKA SHKUP NDERMARRJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE

Scanned with CamScanner